Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

ИП1 15-332
Дата:16.11.2023,
Скопје,

Државниот Инспекторат за животна средина преку Хусни Тачи-Главен инспектор со службена легитимација број 06-0020, изврши редовен инспекциски надзор, во ДПТУ ШТРАСЕНФЛЕКС МИЦХАЕЛ РАСК, ДОО Скопје со адреса: ул.1606, бр.8-1/60, Ѓорче Петров, Скопје застапувано од Расмус Норсков -Управител и со Записник Ип1 бр. 15-332 од 13.11.2023 година, утврди недостатоци и врз основа на член 200 став 1 од Закон за животна средина, ( Службен Весник на Република Македонија бр. 53/2005, 99/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 89-2022 ), член 83 став 1 од Законот за инспекциски надзор ( Сл.весник на Р.М.бр 50/2011, 102/2019) и член 33 став 1 од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 99/2022 донесе:

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E s.stojkovski@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

## РЕШЕНИЕ

**СЕ Задолжува** ДПТУ ШТРАСЕНФЛЕКС МИЦХАЕЛ РАСК, ДОО Скопје со адреса: ул.1606, бр.8-1/60, Ѓорче Петров, Скопје застапувано од Расмус Норсков -Управител, веднаш по приемот на ова решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот Ип1 бр. 15-332 од 13.11.2023 година и тоа:

1. Правното лице како создавач на отпадни фекални води кои се спроведуваат во водонепропусна септичка јама треба да склучи договор за одржување и празнење со ЈКП кои е давател на комуналтата услуга;
   Рок: 30 (триеесет )дена.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

3. Доколку субјектот од точка 1 не постапи согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина ќе поднесе соодветно барање пред надлежниот орган или суд, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина;

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 13.11.2023 година година изврши редовен инспекциски надзор врз ДПТУ ШТРАСЕНФЛЕКС МИЦХАЕЛ РАСК, ДОО Скопје при што се изготви Записник за констатација со бр. Ип1 15-332 и се констатираше дека: ДПТУ ШТРАСЕНФЛЕКС МИЦХАЕЛ РАСК, ДОО Скопје, поседува постројка за подготовка и пакување на пластасфалт, која е лоцирана на постоечки објект на КП 866/6 КО Групчин, с. Групчин, општина Желино. При надзорот на увид приложи Решение за одобрување на елаборатот за заштита на животната средина со арх.бр.Уп1-11/41139/2022 од 09.09.2022 година.

Фабриката ШТРАСЕНФЛЕКС МИЦХАЕЛ РАСК, во општина Желино е намената за производство на маса за поправка наречена пластасфалт која се користи како врзувачки материјал за поправка на патишта односно санирање на оштетените делови на патиштата. Главните состојки на пластасфалт се минерален агрегат како филер, врзиво срество (гума), битумен и одредени адитиви. Емисии во води и канализација се создаваат од дневните активности на вработените, истите се одведуваат во водонепропусна септичка јама. За одржување и празнење на септичката јама нема склучено договор со Јавно комунално претпријатије кој е давател на комуналната услуга.

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E s.stojkovski@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина -Канцеларија во Скопје под бр. ИП1 15-332 на ден 16.11.2023.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ШТРАСЕНФЛЕКС МИЦХАЕЛ РАСК, општина Ѓорче Петров-Скопје